# FOREVER

MACEDONIA

Септември 2014 | Број 155










# Forever Fiber™

## ОПИС И СВОЈСТВА

**Forever Fiber**™ обезбедува 5 грама од брзо растворливи влакна во кесички за поддршка на вашата здрава исхрана. Експертите препорачуваат дека треба да внесуваме 30 грама растворливи влакна дневно за оптимално здравје и дигестивна функција. За жал, повеќето луѓе внесуваат само половина од таа потребна количина. Денешниот начин на исхрана не ни ја обезбедува адекватната количина на растворливи влакна. **Forever Fiber**™ е патентирана мешавина од 4 вида на растворливи влакна и е одличен начин да се внесат дополнителни растворливи влакна во нашата исхрана. **Forever Fiber**™ може да се попрска преку храната која ја јадеме, може да се измеша со Forever Aloe Vera Gel® или друг пијалок или да се додаде во вашето шише со вода кога сте во движење!

Ние често ги поврзуваме растворливите влакна со поддршка на дигестивната функција, што секако е точно, но растворливите влакна обезбедуваат значајни придобивки за организмот во целина. Доколку се земе **Forever Fiber**™ помеѓу оброците, може да помогне во добивање чувство на ситост, а со тоа се контролира апетитот и внесот на калории. Ова е важно за оние кои се на програма за контролирање на телесната тежина, кога се користи со здрава исхрана и редовно вежбање. Со тоа што помагаат за поддршка на нормални нивоа на шеќер во крвта и бавна апсорпција на макронутриентите од нашата храна, растителните влакна исто така помагаат за намалување на чувството на тромост и ниска енергија по оброците.

Се покажа дека влакната ја поддржуваат кардиоваскуларната функција и се разбира бидејќи научниците признаваат дека од 70-80% од функцијата на имунолошкиот систем на организмот е поврзана со гастроинтестиналниот тракт, растителните влакна може да го поддржат имунолошкиот систем преку своите придобивки за дигестивната функција. Соодветна доза на растворливи влакна може да го олесни отстранување на отпадни материи од организмот и може да помогне да се олесни повремениот запек.

**Forever Fiber**™ е лесен начин да додадете повеќе влакна во вашата исхрана со обезбедување на 5 грама на растворливи влакна во секоја кесичка. Тој е еквивалентен на речиси 1 1/2 чаши кафеав ориз или 2 парчиња тост од цела пченица - без јаглехидрати и калории! **Forever Fiber**™ е лесен начин да се зголеми вашата целокупната дневна доза од растителни влакна и да го оптимизирате вашето здравје.

## СОДРЖИНА

30 кесички

## СОСТОЈКИ

Акација гума, растворливи влакна од пченка, растворлив декстрин од пченка, фрукто-олигосахариди.

## ПРЕПОРАЧАНА УПОТРЕБА

Измешајте една кесичка од **Forever Fiber**™ со вода, Forever Aloe Vera Gel® или друг пијалок секој ден. За најдобри резултати истурете ја содржината на една кесичка во чаша, додајте го пијалокот и темелно измешајте. Може и да ја истурите содржината врз храната. Се препорачува да се зема **Forever Fiber**™ најмалку 30 минути пред други додатоци на исхрана бидејќи растителните влакна може да влијаат на нивната апсорпција во организмот.

- 5 грама диетални влакна во кесичка
- Удобен начин за обезбедување оптимален внес на растителни влакна
- Лесно се раствораат во вода, Forever Aloe Vera Gel® или други пијалоци
- Брзо растворливи, со благ вкус, без ронки и без глутен



# Да изгледаш и да се чувствуваш подобро

Претседател и главен генерален директор на ФЛП

Да изгледате и да се чувствувате подобро не е прашање само на тоа како другите ве гледаат, туку многу повеќе! Самодовербата е моќен двигател кој ве исполнува со енергија да постигнувате повеќе. Има денови кога се чувствувате непривлечно, нели? Едвај да изгледате полошо, но ВИЕ така се доживувате. Или можеби ви се случило ден-два ременот да ве стега, а кога ќе се качите на вага да се покаже дека всушност сте ослабеле? Чувството дека облеката ве стега за миг исчезнува и пробувате фармерки од „слабиот" период. Се чувствувате исполнети со енергија и виталност, подготвени да го покорите светот.

Да изгледате и да се чувствувате подобро е прашање на самодоверба!

Како што гласи познатиот цитат на Хенри Форд: „Без разлика дали мислите дека можете или мислите дека не можете – и во двата случаи сте во право." Ако имате самодоверба и верувате дека сте во состојба да постигнете успеси во бизнисот и да ги исполните целите кои сте си ги поставиле во животот, сигурно ќе успеете! Да бидете најдобрата верзија на себе си, е голем дел од борбата за самодоверба. Едноставно кажано – луѓето забележуваат кога изгледате и се чувствувате подобро. Ја забележуваат вашата самоувереност и ве прашуваат што ново правите, за да ја постигнете. Тие сакаат да слушнат повеќе – идеална можност да им раскажете за омилените производи и Форевер можностите.

Тоа што го предлагаме секогаш им помагало на луѓето. Затоа ја основавме Форевер во 1978 г. – сакавме сите да изгледаат и да се чувствуваат подобро. Како што учев сè повеќе за корисните својства на алое вера, сфатив дека тоа всушност може да го подобри здравјето на луѓето околу мене, да им даде подобра перспектива за иднината и да им го промени животот на многу начини. Со воведувањето на НОВИТЕ пакети Клин 9 и Ф.И.Т., во Форевер уште повеќе се фокусираме на тоа да изгледаме и да се чувствуваме подобро.

Ви благодариме што ги споделувате личните истории за успеси со нас. Тие не инспирираат да работиме уште понапорно и да се обидеме да го направиме бизнисот уште поефективен. Социјалните мрежи се одличен начин да раскажувате за своите успеси и да привлекувате внимание на предностите на бизнисот со Форевер. Но внимавајте да не преувеличувате – вистината е доволно моќна!Слушнатите или прочитани истории како производите помогнале, или како работата со ФЛП им дала можности на цели семејства, кои инаку никогаш не би ги имале, ја поткрепуваат вербата во овој бизнис и во трудот кој секојдневно го вложуваме. Но ништо не би било возможно без секој еден од вас. Ви благодарам за напорната работа, за посветеноста и за тоа што со доверба подавате рака кон своите мечти.

Засекогаш Ваш,
Rex Maughan



Драги пријатели,

Крајот на летото и почетокот на есента се погоден момент за пресек на тоа што ни се случило во последните месеци и се разбира на тоа што ни претстои. И во Бугарија, и во Македонија изминатиот период беше доста динамичен од аспект на политички, социјални и не на последно место – природни шокови и катастрофи. Секој со леснотија би дал оправдувања за недостатокот на развој и успех. И, искрено, секојдневно гледаме како голем дел од нашите пријатели, роднини, познати и непознати бараат причини за лошиот живот во надворешните околности. Многумина од нив се во право, бидејќи последните месеци беа навистина голем предизвик за традиционалниот бизнис и државната и општинска администрација. Затворањето на неколку фирми доведе до затворање на работни места. Хистеријата околу банките исто така негативно влијаеше на доста сфери од економијата. И сето тоа уште еднаш покажа колку непредвидливо и полно со ризици е кога работиме за друг или зависиме од државата.

Сосем различно изгледаат нештата во Форевер Ливинг Продактс! Изминатите месеци дистрибутерите на ФЛП Бугарија/Македонија го зачуваа позитивниот тренд во развојот на вкупниот бизнис на компанијата. Тие не само што не загубија од месечните доходи, туку и ги зголемија со речиси 10% во однос на истиот период минатата година. Нема подобар доказ дека производите на Форевер и системот за нивното распространување преку мрежен маркетинг секогаш биле помеѓу најдобрите бизнис можности на светот. Тие не се под влијание на социјални, економски, политички па дури и природни катаклизми. Бизнис системот гарантира дека ако напорно работиш и не се откажуваш, доходите постојано ќе ти растат, ќе имаш сигурност, слобода и повисок животен стандард. А тој вклучува и атрактивни патувања, содржани во маркетинг планот на Форевер. На крајот на септември, десетмината дистрибутери на ФЛП Бугарија кои ги исполнија условите на програмата Менаџер „Орел", на сметка на компанијата, ќе го посетат езерото Тахо во САД, Калифорнија и ранчот Саутфорк во Далас, Тексас.

Ако и Вие сакате да ја искористите оваа неверојатна можност и да патувате, не пропуштајте да носите многу гости на секое претставување организирано од вашата група или од компанијата. Не пропуштајте и заедно да присуствувате со најмногу можно соработници од Вашата мрежа на Деновите на успехот – овој месец во Скопје и следниот во Софија.

Системот на Форевер ќе проработи за Вас, кога ВИЕ ќе ги создадете неопходните навики за професионална работа. Сигурни сме дека повеќето од Вас имаат потреба од подобри доходи и подобар начин на живот. Но тоа ќе го постигнат само оние кои вистински сакаат промена и се спремни да направат сè што е потребно за да успеат. Работите во животот немаат логика секогаш, но секогаш се резултат од психата и навиките. За илустрација ќе Ви раскажам еден интересен пример до кој дојдовме овие денови на социјалните мрежи.

Замислете бања и двајца пред неа – едниот валкан, а другиот чист. Кој од нив ќе влезе да се искапе? ... Одговоривте ли? Логиката ни сугерира дека ќе влезе валканиот, зошто има потреба... Нели? Но како што веќе рековме, во животот не секогаш води логиката, туку почесто начинот на размислување, навиките и менталитетот. Затоа поскоро може да претпоставиме дека во бањата ќе влезе чистиот човек... Зошто? Зошто е навикнат да се капе, има навика и менталитет за тоа. Се согласувате?

Истото важи и кога барате нови клиенти или соработници. Неслучајно најуспешниот дистрибутер во Форевер на сите времиња – Ролф Кип вели дека нашиот бизнис е прашање на избор на луѓе. Не барајте такви кои имаат само потреба. Привлекувајте во своите мрежи луѓе со навики, желба и расположение за успех. Токму тие, исто како Вас, ќе направат сè што е потребно за да си го променат животот. И дури и да немаат потреба, тие ќе ги користат производите на Форевер, бидејќи се навикнати секојдневно да се грижат за здравјето. Тие напорно ќе работат за да успеат, бидејќи имаат навики за тоа и знаат дека успехот е можен само со многу труд. Психологијата, а не логиката е водечка во активностите и успехот на луѓето!

Засекогаш Ваши и...
насмевнати ☺,
Стефан и Тања Стаеви

# Forever Nutraceutical

## Бескомпромисен квалитет






Во Форевер секогаш се стремиме кон совршенство, а Forever Nutraceutical е уште еден доказ за тоа. Нашиот производствен капацитет со површина над 25000 м2 е меѓу најголемите во индустријата. Секоја година произведуваме повеќе од 2 милијарди таблети, 20 милиони шишиња, 2 милиони кутии и над 2,2 милиони килограми билки, витамини, минерали, аминокиселини, незаменливи нутриенти, биофлавоноиди и протеини. И секој производ, кој ја напушта оваа зграда одговара на највисоките стандарди на квалитет.

Со гордост го демонстрираме високото ниво на нашето производство. Како што во добар ресторан може да се запознаете со главниот готвач и да ѕирнете во кујната, Forever Nutraceutical се гордее што просториите во целата институција секогаш се отворени и човек може да ја набљудува секоја педантна етапа од претворањето на најдобрите суровини во фантастични производи.









Постојат стандарди во браншата, има и раководни стандарди, но стандардите на Форевер се возможно највисоките. Многу од контролните испитувања за квалитет кои ние ги правиме, не се по барање од регулаторните органи.

Forever Nutraceutical многу се гордее со своите производи и затоа внимателно испитува се - од суровините кои пристигнуваат од надвор, до готовиот производ кој вие го консумирате. Строго следиме секој чекор од производствениот процес да одговара на највисоките критериуми за квалитет.









Карактеристиките на суровините може да варираат до 500% во зависност од реколтата, климата, сезоната и условите на чување. Во Форевер или сами ги одгледуваме состојките или одиме директно кај изворот и го контролираме процесот од самиот почеток до крај. Така и ние и нашите дистрибутери сме сигурни  дека ги добиваме најдобрите природни производи.

На крај вие гледате само една обична, но многу благотворна таблета или капсула. А позади секоја од нив постои  детален процес на селекција, оценување, обезбедување, достава, испитувања, комбинирање, пресување, гранулирање - буквално стотици исклучително прецизни чекори и технологии за производство на нешто доволно добро и ефикасно за нашите дистрибутери.











Нема  многу компании од оваа бранша на производство на додатоци во исхраната, кои посветуваат  толку големо внимание при производството. Ние сакаме дистрибутерите и клиентите да се сигурни  дека не само што го добиваат тоа што е напишано на декларацијата, туку и дека го добиваат најдоброто.

Секој од вработените во Forever Nutraceutical знае дека дистрибутерите од  целиот свет се ослонуваат на нив. Знаеме дека секој производ произведен од нас ќе биде користен од крајниот потрошувач кој тежнее кон подобро здравје и поголема виталност... И ние таа одговорност ја сфаќаме многу сериозно. Додека сме живи и дишеме нема да се задоволиме со ништо друго освен со најдоброто!









Без разлика кои од нашите производи ги конзумирате, за да го подобрите квалитетот на вашиот живот, може да сте сигурни  дека Forever Nutraceutical  ги обезбедува најквалитетните производи за вас и вашето семејство. Нашите лаборанти и научници се придржуваат на највисоките стандарди како во однос на состојките, така и на крајниот производ. Тие  во целост се имаат посветено на производството на што е можно **најквалитетните производи за вас-нашите величествени дистрибутери!**

Том Шрајтер

# Шест начини како да привлечете повеќе кандидати

**Спонзорирањето** е душата на мрежниот маркетинг. Тоа е вештината од која зависи вашата кариера.

Не може да стекнете вештини за наоѓање кандидати и спонзорирање ако си купите списоци со податоци на непознати. Тие не се и вебсајт на кој може да влезете со корисничкото име и лозинка, за да ја заврши работата наместо вас. Да напишете на блогот за нив исто така не помага... Единствениот начин да ги совладате суштинските вештини за наоѓање на кандидати и спонзорирање, е да зборувате со „живи“ луѓе.

Ако си го подобрите претставувањето во следните шест аспекти само со по 10%, збирниот резултат би ја зголемил речиси двојно вашата ефективност во бизнисот. А да постигнете 10% повеќе, не е тешко. Потребен е само малку напор за да научите подобро да ги правите работите. Еве ги и шесте аспекти на кои треба да им посветите внимание.

## 1 Што кажувате

Зборовите се важни. Повеќето дистрибутери не можат дословно да ги напишат своите почетни реченици. Или пак не успеваат во писмен вид да ги формулираат најдобрите завршни реченици. Ако знаете што ТОЧНО да кажете, од корен ќе ја промените својата работа. Дали секој пат се чудите со каква делотворна фраза да го привлечете вниманието на кандидатот? Ова е лош план! Подобро смирено седнете, убаво размислете и напишете ги своите најдобри почетни реченици. Научете ги перфектно и секогаш започнувајте разговор со нив. Набљудувајте ги резултатите. Постепено усовршувајте ги првите реченици. Тоа е вашиот бизнис, не е игра.

## 2 Кога кажувате

Во моите лидерски обуки им демонстрирам на луѓето колку е важно да го избереш вистинскиот момент. Еден од примерите е како ставот на еден човек може многукратно да се промени во текот на еден ден. Набљудувајте ги луѓето и размислувајте. Дури и да го кажете најсоодветното нешто, ако моментот е лош-неуспехот ви е загарантиран.
А кога е вистинскиот момент? Ништо не може да ги замени вашите вештини за комуникација и талентот. Неразумно е да нападнете некого, без најнапред да го разберете. Да мислите само на себе и својата програма, исто така не е добар пристап. Обидете се да гледате на средбата преку очите на кандидатот. Ако помислите на соговорникот, многу полесно ќе одредите кога е најдобриот момент.

## 3 Каде го кажувате

Местоположбата исто така може да игра улога. Иако има далеку помала важност од претходните два фактора, зошто и ова да не го искористите како адут. На средби во хотели сум гледал флаери за бизнис можностите, оставени во машкиот тоалет. Дали сметате дека токму ова е местото на кое повеќето кандидати би барале идеи за сопствен бизнис?
Обидувајте се да ги претставувате можностите кои компанијата ги нуди во колку е можно најпрофесионалната средина до која имате пристап во моментот. Тешко дека секојпат ќе може да сте во посакуваниот амбиент, но обидете се да не делите визит картички или флаери на непознати на улица.

## 4 Како го кажувате

Интонацијата ни дозволува да ги кажуваме и најбезмилосните вистини така да кандидатите ги гледаат без предрасуди. Нашиот тон може да биде решавачки во многу ситуации. И најлесните модулации во нашиот глас имаат значење. Ако ја завршите реченицата со нагорна интонација, ќе ја издадете својата плашливост и двоумење, додека надолната интонација на крајот на реченицата е знак на самодоверба.

## 5 Зошто го кажувате

Кандидатите ги доловуваат вашите вистински намери, благодарение на сложени потсвесни програми. Во Тексас тоа го опишуваат со поговорката: „Кучињата знаат кого да каснат“. Кандидатите исто така „надушуваат“ ако сте несигурни, неискрени или очајни.
Зошто не ја примените следната тактика? Ако се обидувате да договорите средба со еден единствен кандидат, вие ќе сте под огромен стрес. Ако не успеете, тоа е 100% неуспех и нема да има со кого да зборувате.
А сега договорете си три или четири средби и потоа јавете му се на тој истиот единствен кандидат. Веќе не сте така оптеретени со исходот од разговорот, бидејќи знаете дека ќе се сретнете со три или четири други потенцијални нови соработници. Ќе звучите далеку посамоуверено и кандидатот тоа ќе го увиди.

## 6 На кого кажувате

Иако не е добро да правите претходна проценка на кандидатите, факт е дека некои од нив се понапред во личниот развој од другите. Затоа, ако веќе имате избор, зошто да не зборувате со луѓе кои веќе ги надминале некои од самоограничувањата кои секој од нас си ги наметнува?
Мојата најдобра воспитна изрека е: „Дали веднаш сакате да започнете свој сопствен бизнис или сè уште сте на етапа проучување на можностите?“ Да зборуваш со човек кој уште не е созреан за овој бизнис е навистина тешко. Затоа ова прашање веднаш покажува дали вашиот соговорник е подготвен и склон да се приклучи кон вашиот тим.

# КВАЛИФИКАЦИИ ЗА АВГУСТ 2014 ГОДИНА

## АСИСТЕНТ СУПЕРВИЗОРИ

1. Алексиќ Хил Бранимирка – Косовска Митровица
2. Алексовски Сашко и Валерија – Скопје
3. Асипи Агим и Мебера - Куманово
4. Башковска Клаудиа – Штип
5. Богдови Невенка и Ване – Штип
6. Босилковски Светлана и Дејан - Скопје
7. Василевски Светлана и Слободан – Скопје
8. Велиќ Зорица – Грачаница
9. Величковски Мимоза и Момчило – Куманово
10. Вељановска Јагода – Битола
11. Дејанови Весна и Илија – Штип
12. Дишлиеска Весела – Охрид
13. Ѓорѓиевски Рената и Љубиша – Скопје
14. Иванови Нада и Стојанчо –Виница
15. Јаневи Снежана и Кирил – Струмица
16. Јовеска Татјана –Охрид
17. Јуруковски Лидија и Драги - Битола
18. Краљевска Маја - Скопје
19. Миљковиќ Александар и Весна – Лесковац
20. Милосављевиќ Весна - Богданци
21. Мучевска Гулфидан - Куманово
22. Ристоска Биљана - Скопје
23. Ристовски Билјана и Тони - Скопје
24. Ристовски Славица и Боби - Скопје
25. Роѓевски Лидија и Менде - Битола
26. Стевановска Мирјана - Скопје
27. Цветковска Таневска Орхидеја - Велес
28. Цветковски Славе – Свети Николе
29. Чамбова Јулијана - Штип
30. Шопов Митко - Штип

## ТОП **10**

### ВКУПЕН ОБЕМ

1. Др.Роза Гелевска
2. Др. Снежана Контра
3. Слафко Михајловски
4. Блага Крстеска
5. Славица Донакова
6. Катерина Трајчевска
7. Доне Ѓорѓиев
8. Вера Златковска
9. Валентина Крмова
10. Костадинка Шопова

### НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ

1. Др.Роза Гелевска
2. Доне Ѓорѓиев
3. Вера Златковска
4. Валентина Крмова
5. Славица Донакова
6. Др.Снежана Контра
7. Костадинка Шопова
8. Катерина Трајчевска
9. Славица Митевска
10. Слафко Михајловски

# ПРОМОЦИЈА!




За купени 4 FAB производи добивате 6.

**Претставување на бизнис можноста на Форевер**
**Ресторан Мандра - Гевгелија**
**26.09.2014 - петок**
**Почеток - 19 часот. Влезот е слободен!**

За секоја порачка во вредност поголема од 4000 денари добивате купон за Новогодишната лотарија.




**Следете нè на facebook Flp Macedonia**
**за да бидете во тек со актуелните**
**Алое денови и настани.**

## ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА

**Како да порачате:**

Едноставно јавете се на телефон 02/ 2465846 и кажете го вашиот дистрибутерски број и производите кои ги порачувате. Следниот ден ја добивате порачката на домашна адреса. Порачката ја плаќате во готово на доставувачот.

Трошоци за достава се следни:

- До 5 кг плаќате 210 ден за услугата достава до вашиот дом.
- Над 5 кг плаќате 260 ден за услугата достава до вашиот дом.

**FOREVER LIVING PRODUCTS - MAKEDONIJA**
**www.foreverliving.com**

бул. Јане Сандански 3б, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815;
факс:+389 (0)2 2465826; e-mail:flp@t-home.mk

Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.

# Збогатување на животот



„Да се биде Менаџер "Орел" значи да им помагате на повеќе луѓе, а за тоа вие ќе заработите повеќе пари. Направете Менаџер "Орел" да биде вашиот голем сон.“ **Gregg Maughan**

EAGLE MANAGER 2015

CANCUN 2015 EAGLE MANAGERS RETREAT

www.discoverforever.com

FOREVER